ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Бр.08-1413/1 од 28-02-2012 2012 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 29.02.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 30 | 293 | 6 | |

До

Државен завод за ревизија

Оредмет: Доставување **забелешки** по Нацрт

извештај за 2010 год.

Почитувани, согласно со одредбите од членот 30 од Законот за државна ревизија (Службен весник на РМ бр.66/10 и 145/10), Ви доставуваме забелешки на доставените Нацрт извештаи за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизијата на усогласеност на Општина Кисела Вода - Скопје за 2010 година за сметката на основниот буџет (630) и сметката на основниот буџет (637).

На завршниот разговор, од претставниците на Државниот завод за ревизија беше потенцирано дека доколку обезбедиме докази за одредени наоди, за кои дискутиравме на тој состнок и истите да ги презентираме или пред изготвување на Нацрт извештајот или во евентуалните Забелешки.

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

Во надот **4.1.1.** е наведено дека во Општина Кисела Вода во 2010 год. и покрај значителните отстапувања помеѓу планираните и остварените приходи/расходи во текот на 2010 година не е извршен ребаланс на буџетот како и констатација дека неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи и расходи придонесува за нарушување на принципот на добро менаџерско управување.

Ревизијата своите констатации ги донела не земајќи ја во предвид фактичката состојба во Општина Кисела Вода, која во текот на 2010 год. два пати направила ребаланс на буџетот за 2010 год.

На 24.12 2009 год. Советот на Општина Кисела Вода со одлука бр. 07-1015/7 усвоен е буџетот за 2010 год. каде планираните приходи и расходи изнесуваат 469.136.190,00 денари. **Доказ**: фотокопија од актот за донесување на буџетот на општина Кисела Вода за 2010 год. заведен под бр.07-10105/7 од 24.12.2009 год. стр.1.2 3 и 4 (Билансот на приходи на ниво на потставки) и последната страна со архивскиот број.

Постапувајќи согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и членот 36 од Законот за буџетите, градоначалникот на Општина Кисела Вода му предложил на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во два наврати, заради тоа што оценил дека реализацијата на буџетот во текот на годината има значајни отстапувања од планот.

Првиот ребаланс е извршен на 26.05.2010 год. и заведен под бр.07-3954/7 каде планираните приходи и расходи се намалени и изнесуваат 414.235.043, денари. **Доказ:** фотокопија од актот за донесување измени и дополнувања (ребаланс бр.1) на буџетот на Општина Кисела Вода за 2010 год. заведен под бр.07-3954/7 од 26.05.2010 год, страин 1,2,3 и 4 (Биланс на приходи на ниво на потставка) и последната страна со архивскиот број.

Вториот ребаланс е извршен на 28.10.2010 год. заведен под бр.07-7626/3 каде буџетот за 2010 год е усогласен на износ од 302.690.546,00 ден. односно истиот претсавува 64,5 % од буџетот на општината усвоен за 2010 год. (469.136.190,00 ден.) или помал е за 35,5%.

Имајќи го во предвид фактот дека **значителното отстапување** во Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа и Законот за буџетите не е квантифицирано ниту е определен % на **значителното отстапување,** оценката за истото ја врши градоначалникот заради што дава предлог до Советот на Општината. **Доказ:** фотокопија од актот за донесување втори измени и дополнувања (ребаланс бр.2) на буџетот на Општина Кисела Вода за 2010 год. заведен под бр.07-7626/3 од 28.10.2010 год. страни 1,2,3 и 4 (Биланс на приходи на ниво на потставка) и последната страница со архивскиот број и фотокопија од завршната сметка на буџетот на Општина Кисела Вода за 2010 год. донесена од Советот на Општина Кисела Вода на ден 15.03.2011 год. со архивски бр.07-1291/4.

Во овој наод, ревизорот утврдил дека реализираните приходи во 2010 год. изнесуваат 244.787 илјади денари односно истите се релизирани со 81%. Согласно Билансот на приходи по завршна сметка за 2010 год. на Општина Кисела Вода реализираните приходи во 2010 год. изнесуваат 250.434 илјади денари што претсавува реализација од 82,7%. **Доказ:** фотокопија од Билансот на приходи по завршна сметка и фотокопија од годишниот извештај на општина Кисела Вода за 2010 год. точка 2.1 Приходи на Општина Кисела Вода.

Имајќи го во предвид погоре наведеното и приложените докази, јасно е дека општината постапила согласно законските прописи при што заради значајното отстапување на реализацијата на приходите и расходите со планираните за 2010 год., градоначалникот на два пати му предложил на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот (ребаланс) заради што сметаме дека наодот 4.1.1. ќе се **избрише** од ревизорскиот извештај.

Исто така, заради материјалноста на наодот од Т.4.1.1., кој треба да биде избришан од ревизорскиот извештај и преземените мерки ,односно спроведување на дадените препораки по наодите од Т.4.2. , сметаме дека истовремено треба да се сменат мислењата за финансиските извештаи и за усогласеноста со закони и прописи од негативно во позитивно. Сметаме дека заради спроведените препораки, во делот од извештајот со препораки да се наведе дека ревизијата не дава препораки заради преземени мерки.

Наодот од **Т.4.2.1.** се однесува на извршениот попис за 2010 год. во однос на одредбите од членот 31-в од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, при што наведува дека тоа го зголемува ризикот од нереално прикажување на побарувањата и финансиските извештаи. Во текот на ревизијата, веруваме, дека ревизорите извршиле детални тестирања на искажаните побарувања и не утврдиле не реални побарувања кои ќе влијаат на реалноста на финансиските извештаи.

Општината, при вршење на пописот за 2011 год. постапи согласно одредбите од членот 31-в од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Врз основа на погоре наведеното, сметаме дека овој наод не влијае на изразеното мислење за финанските извештаи заради што треба да се **помести во менаџерското писмо.**

**Доказ:** Извештај за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба 31.12.2011 год.

Наодот од **Т.4.2.2.** се однесува на неосновани побарувања во износ од 24.089 илјади денари.

Општина Кисела Вода **постапи** по наодот и изврши отпис на побарувањата во износ од 30.770.235,00 ден. во кој износ е вклучен износот од 25.040.701,00 ден. за Побарувања за Надомест за уредување на земјиште од минати години, а дополнително е вклучено побарувањето за Надомест за уредување на земјиште во износ од 3.777.534,00 ден. Отписот го содржи и износот од 1.952.000,00 ден кој се однесува на евидентиран стан (точка 4.3.2. алинеја 2 од основен буџет сметка 637). **Доказ:** Одлука на Советот на Општина Кисела Вода за отпишување материјални средства и побарувања бр. 07-1201/9 од 28.02. 2012год. и налог за книжење бр. 0001 и 0002 од 31.12.2011 год.

Имајќи во предвид дека препораката е прифатена и спроведена, сметаме дека ревизорот ќе ја **избрише** препораката од извештајот со напомена дека истата е спроведена.

Наодот од **Т.4.2.3.** се однесува на побарувањата во износ од 10.648 илјади денари по основ на договор за здружување средства за санација на локалниот пат Драчево-Китка помеѓу општините Кисела Вода, Студеничани, Зелениково, град Скопје, ЈП Македонски шуми и Фондот за магистрални и регионални патишта.

Иако овие побарувања потекнуваат од 2006 год. тие се реални и објективни од следниве причини:

Изведувачот на градежните работи Маврово инжинеринг не изготвил проект за изведбена состојба и не побарал технички прием, иако бил должен да го стори тоа. Општина Кисела Вода не можела да ја достави потребната документација до здружувачите на средства, зради неизвршен технички прием на патот (не по своја вина) туку им испратила книжно задолжување на 25.01.2008 год. проследено со допис во кој се наведува основот и износот на побарувањето со прилог сметководствена картица и книжно задолжување **Доказ:** фотокопија - Деловник за 2008 год., книжни задолженија и допис; Целокупната оригинална документација во врска со патот се наоѓа во МВР по нивно барање. Таква документација, по нивно барање, е испратена и до Антикорупциска комисија; Документацијата од МВР се уште не е вратена во општината што имплицира можност за преземање мерки;

Сите здружители на средства (освен општините Студеничани и Зелениково) извршиле плаќања и тоа: Фонд за патишта на 20.03.2006 год. потпишала договор за цесија бр18/4 на износ од 5.000.000,00 ден. **Доказ:** фотокопија од Договор за цесија бр.18/4 и Записник составен на ден 10.05.2006 год.бр.08-3008; Град Скопје на ден 01.11.2006 год. потпишал договор за асигнација бр.557/М на износ од 668.108,00 ден. **Прилог**: Договор за асигнација; ЈП Македонски шуми на 14.04.2006 год. потпишала изјава за компензација бр.5/И на износ од 773.083,00 ден., а на 25.04.2006 год. потпишала компензација бр.42/И на износ од 600.000,00 ден.прилог фотокопија од двете компензации; Потпишан Протокол за реализација на Договорот за здружување на средства за финансирање на реконструкцијата на патот Драчево-Китка од 27.10.2006 год. помеѓу општина Кисела Вода и ЈП Македонски шуми на вредност од 22.017.555,00 ден. **Прилог** Протокол бр.08.6848 од 27.10.2006 год. И Записник од 03.07.2006 год.; Фотокопија од писмена достава на Главен проект бр.08-3836 од 15.06.2006 год до Општина Зелениково. Сите здружители на средства поседуваат по еден примерок од договорот за здружување на средства за санација на локалниот пат Драчево-Китка, чии потписници се.

Сите погоре наведени документи за плаќање (асигнации, цесии, компензации и протоколи) сами по себе говорат дека здружителите на средства ги признале како реални обврските по договорот за здружени средства, а истовремено го побива тврдењето на ревизијата дека Општина Кисела Вода не презела мерки за нивна наплата. Укажуваме дека ревизијата треба да го има во предвид и фактот дека се во тек постапки од старана на МВР и Антикорупциска комиосија, што влијае врз плаќањето на обврските од страна на здружителите.

Укажуваме дека од надлежните служби на општината, заради наплата на побарувањата по овој основ, со книжно задолжување и допис со напомена дека доколку не ги платат обврските ќе бидат тужени, известни се сите здружители на средства.

Во наредниот период општина Кисела Вода ќе работи на решавање на овој проблем со изнаоѓање законско решение за надминување на ова состојба.

Упатно би било ревизорот да ни препорача законски начин и потребна документација како патот Драчево-Китка да се стави во употрба.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, сметаме дека овој наод треба да се **помести** во делот од извештајот за **обелоденување.**

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

Исплатата на надоместокот (регресот) за годишен одмор за 2010 год. на вработените во Општина Кисела Вода наведен во наодот **4.2.2.** е извршена во согласност со закон и колективни договори. Затоа сметаме дека ревизорот ќе го **избрише** овој наод од конечниот ревизорски извештај.

Имено, Општина Кисела Вода постапила согласно со членот 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија како закон лекс специјалис, членот 4 од Законот за државните службеници (за прашањата кои не се уредени со овој закон и за прашњата за кои овој закон не упатува на примена на друг закон, а се однесуваат на државните службеници, се применуваат општите прописи од работните односи), членот 12 од Законот за работни односи кој ги регулира правата на работниците кои не можат да бидат помали од правата утврдени со закон, а ако содржат такви одредби , се сметаат за ништовни и се применуваат соодветни одредби од закон. Во членот 52 став 2 од Законот за државни службеници и членот 113 од Законот за работни односи, надоместокот (регресот) за годишен одмор не е таксативно наброен но не е исклучен како надоместок. Упатуваме и на одредбите од членовите 4, 5, 62 и 70 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа во Рапублика Македонија и членовите 2 и 4 од Колективниот договор на ниво на работодавач, Општина Кисела Вода. Укажуваме и на воспоставената пракса во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија редовно да го исплаќаат овој надоместок согласно цитирините законски одредби, обезбедените средства во своите буџети и одлуката за извршување на буџетот на општината. **Доказ:** Наведените закони и колективни договори; Одлука за извршување на Буџетот на општината за 2010 год. во прилог.

Укажуваме и на уставната определба на разграничување на власта, при што членот 8 од Уставот на Р. Македонија вели дека темелна вредност на уставниот поредок во Република Македонија е и локалната самоуправа. Поглавјето V членот 115 определува дека општината е самостојна во вршењето на надлежноста утврдена со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на нејзината работа го врши Републиката. Ова укажување се однесува и за наодот од Т.4.2.3.

Укажуваме дека и надоместокот за отпремнина при пензионирање е регулиран со истата законска одреба (член 9 став 2 од Законот за исплата на плати). Исто така, овој надоместок не е наведен ниту во Законот за државни службеници. При вршењето ревизија, ревизијата различно постапува по иста законска регулатива. Имено, надоместокот

(регресот) за годишен одмор е незаконски, а отпремнината се третира како законски надоместок.

Наодот **4.2.3** се однесува на исплатени средства од резервите во износ од 879 иљади ден., спротивно на одредбите на член 11 од Законот за буџетите. Општина Кисела Вода постапила во се согласно членот 11 од Законот за буџетите и членот 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа каде во ставот еден децидно е наведено дека во Буџетот на општината за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи можат да се планираат средства како постојана и тековна резерва, заради што сметаме дека овој наод ќе биде **избришан** од конечниот ревизорски извештај.

Имено, општината во 2010 год во буџетот предвидела тековни резерви (разновидни расходи) средства во износ од 1.000.000,00 ден. и постојана резерва (непредвидливи расходи) средства во износ од 500.000,00 ден. Согласно став 3 од членот 11 од Законот за буџети , одобрените средства во тековната резерва се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средтва или одобрените средства не се доволни. Во членот 31 од Законот за финансирање на единиците локална самоуправа се регулира финансирањето на непланираните и помалку планираните расходи преку постојаната и тековната резерва. Такви се сите исплати од тековната резерва - непредвидливи случаи а исплатените средства се однесуваат на надомест за смртни случаи, лекување, поддршка на спортски и културни настани, обуки и др. Исплатата на средствата од постојаната резерва во износ од 201.466,50 ден. се по основ на претрпени штети и елементарни непогоди што е во согласност со став 2 од член 11 од Законот за буџетите и членот 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, односно средствата се исплатени во рамките на законски утврдените основи. **Доказ:** Член 11 од Законот за буџетите и член 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Покрај укажувањето од Т.4.2.2. напомнуваме дака согласно Законот за локална самоуправа, донесените интерни акти се задолжителни.

Наодот **4.2.4.** е престрог и **не ги зама** во предвид одредбите во однос на начинот и постапката регулирани со Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на едоккратната парична помош.

Во наведениот Правилник во членовите 1 и 3 се наведени критериумите за доделување еднократна парична помош, а во членовите 2 и 4 се регулирани постапката и износот на еднократната парична помош. Во правилникот јасно е утврдена постапката и ги опфаќа апликацијата (се поднесува барање) со доставување соодветна документација, мора да е жител на Општина Кисела Вода. Комисија формирана од Советот ги разгледува барањата врши оценување на истите, доколку оцени бара дополнителни документи и во писмена форма го известува градоначалникот. Одлучувањето во Комисијата е колективно, што само по себе значи дека не е возможно да се одлучува и постапува субјективно при доделување на средствата.

Укажуваме дека Општина Кисела Вода, согласно позитивните законски прописи, донела свој интерен акт и го уредила ова право. Ова значи дека во овој наод не се работи за

неусогласеност со законите и прописите заради што овој наод треба да се **избрише** од ревизорскиот извештај и од точката 5 кај мислењето за усогласеност со закони и прописи.

Наодот од точка **4.2.5.** треба да се **избрише** и да не е составен дел од конечниот ревизорски извештај. Општина Кисела Вода согласно членот 4 став 1 алинеа 2 - привремено зголемен обем на работа од Законот за агенции за привремени вработувања, врши ангажирање на лица преку Агенцијата за привремени вработувања не подолго од една година.

Вработувањата Општина Кисела Вода ги реализира по пат на оглас. Може да се констатира дека општина Кисела Вода во се ги почитува одредбите од член 4 (привремено зголемен обем на работа) од Законот за агенции за привремени вработувања.

Нашите сознанија од комуникацијата со другите општини, се дека на идентичен начин, врз основа на членот 4 алинеа два, ги реализираат привремените вработувања. Бидејќи примената на членот 4 став 2 е широко применет од единиците на локалната самоуправа, тогаш се поставува прашање за регуларноста на ставот на Државниот завод за ревизија кој е во спротивност со законските прописи. **Доказ:** Член 4 став 1 алинеа 2 од Законот за агенции за привремени вработувања.

Наодот **4.2.6.** во целост го прифаќаме и веднаш пристапивме по дадената препорака.

Имено, изготвен е Проект за јавни работи, избрана е фирма за осигурување во случај на несреќа при работа и вршиме ангажирање на лица кои се пријавени како навработени во Агенцијата за вработување со обезбедени потврди од Агенцијата дека станува збор за невработени лица. **Доказ:** Проект за работно ангажирање на невработени лица преку организирање на јавни работи ма територијата на општина Кисела Вода бр.14-1343/1 0д 23.02.2012 год. Решение за осигурување во случај на несреќа при работа на ангажирани сезонски работници за период од 15.02.2012 до 15.08.2012 година за одржување и заштитан а животна средина на територијата на Општина Кисела Вода бр.08-1032/1 од 13.12.2012 год., и потврда за евидентирано лице како невработено во Агенцијата за вработување на РМ од 08.02.2012 год.

Врз основа на погоре наведеното сметаме дека препораката ќе биде **избришана** од ревизорскиот извештај со напомена дека се преземени мерки.

Наодот од **Т.4.3.1.** се однесува на тоа дека пописот на обврските, материјалите на залиха и ситниот инвентар не е извршен согласно одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Веруваме дека ревизорите во текот на ревизијата извршиле детални теститрања на обврските и не утвдиле неправилности кои имаат влијание врз вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи.

При вршење на пописот за 2011 год., општината постапи во согласност со одредбите од членовите 31-а и 31-в од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Врз основа на погоре наведенота сметаме дека утврдените наоди имаат незначително влијание врз вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и истото треба да биде наведено во самиот извештај.

**Доказ**: Извештај за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2011 год. прилог во точка 4.2.1. (630).

Во наодот **4.3.2.** ревизијата утврдила дека неосновоно се евидентирани постојани срества во износ од 34.151 илјади денари.

Постапувајќи по наодот, Општина Кисела Вода изврши отпис на материјалните средства во износ од 32.199.400,00 ден. и тоа 11.839.800,00 ден. на име Неизградено градежно земјиште, 8.240.200,00 ден. на име Градежно земјиште и износ од 12.128.400,00 на име Дворови, а за евидентираниот стан на ставката Станови и делови од станбени згради изврши отпис во износ од 1.952.000,00 ден. согласно (Доказ) Одлуката за отпишување на материјални средства и побарувања бр. 07-1201/9 од 28.02. 2012 год. и налог за книжење бр.0002 од 31.12. 2012 год. Имајќи во предвид дека Општина Кисела Вода го прифати и спроведе овој наод, сметаме дека во ревизорскиот извештај ќе се брише препораката а ќе се констатира дека не се дава препорака заради преземени мерки.

Не ни е позната причината зошто овластениот ревизор не понудил и не дал совет во текот на ревизијата да се извршат потребните корекции и во ревизорскиот извештај да биде обелоденето постапувањето по дадените препораки од овластениот државен ревизор.

Споредувајќи ги ревизорските извештаи кај други единици на локална самоуправа, констатиравме дека таква можност им е дадена.

Прифаќањето на препораките и нивното имплементирање значи ефикасност во работењето и на Државниот завод за ревизија и на ревидираниот субјект.

Во алинејата три од истиот наод е наведено дека градежните објекти на основните училишта и градинките кои се наоѓаат на територијата на општината се евидентирани во сметководствената евиденција и на општините и на основните училишта/градинки. Постапувајќи по наодот општината со допис ги извести училиштата и градинките дека не треба да ги книжи градежните објекти во нивната книговодствена евиденција со што истовремено ќе се изврши усогласување на книговодствената со фактичката состојба на недвижниот имот. Постапувајќи по овој допис со налог бр. 0001 од 01.01. 2012 год. во книговодствената евиденција на училиштата/градинките е извршено соодветно книжење односно бришење од нивната евиденција на градежните објекти. **Доказ:** Писмо бр.18-1163/1 од 17.02.2012 год. од општината до основните училишта, писмо бр. 18-1164/1 од 17.02.2012 год. до градинките и налозите за книжење на основните училишта и градинки кои имаат евидентирани градежни објекти и тоа: ОУ Партенија Зографски извршен отпис со налог бр.0001 од 01.01.2012 год. (во прилог); ОУ Круме Кепески извршен отпис со налог бр.0001 од 01.01.2012 год. (во прилог) и ОУ К.Ј Питу извршен отпис со налог бр.0001 од 01.01.2012 год. (во прилог). Сите налози како **доказ** за извршениот отпис ги доставуваме во прилог.

Напомнуваме дека само кај наведените (три) основни училишта беа евидентирани градежните објекти и кај нив е извршено усогласување на книговодствената со фактичката сосојба.

На територијата на Општина Кисела Вода има две детски градинки. Двете установи постапувајќи по дописот извршиле усогласување на книговодствената со фактичката состојба на недвичниот имот.

**Доказ:** Известување бр.03-149 од 23.02 2012 год од ЈДГ Весели цветови и налог за книжење бр.59 од 31.12.2011 год. од ЈДГ 8-Март.

Врз основа на погоре наведеното, а земајќи го во предвид фактот дека основните училишта и градинки по свое наоѓање извршиле евидентирање на градежните објекти во нивните книговодства (Општина Кисела Вода не им доставила имотни листи) сметаме дека ова алинеја треба са се **префрли во менаџерското писмо.**

Укажуваме дека ова е **системско прашање** од причина што се уште на ниво на единиците на локална самоуправа не се прави консолидиран биланс во кој ќе бидат опфатени сите единки корисници во состав на единицата на локалната самоуправа.

Наодот од **Т.4.3.3.** се однесува на сметката инвестиции во тек од претходни години. Износот од 36.119 илјади денари **не е реално** утврден. Општината ја увврди реалната состојба на ова сметка при што износот од 24.683 илјади денари се однесува на инвестиции во тек, а износот од 11.436 илјади ден. се однесува на завршени објекти кои се во употреба.

Имено, износот од 24.683 илјади денари е **реален** и правилно евидентиран во сметководството и се до ставање во употреба истите, ќе се евидентираат на конто инвестиции во тек.

Најголемата ставка на сметката инвестиции во тек се однесува на патот Драчево-Китка. Истиот се уште не е извршен технички прием бидејќи изведувачот Маврово инженеринг нема изготвено проект за изведена состојба, и не побарал технички прием (тоа е негова обврска) што значи дека не може да биде доставена документација која не постои. Евидентираниот износ од 22.017.550 ден. на сметката 030 - Инвестиции во тек-градежни објекти ( Изградба и реконсрукција на локални патишта и улици) е реално утврден во нашата книговодствената евиденција и истата базира на склучен договор за здружување средства, анекс кон склучениот договор, доставени три фактури, пет времени ситуации, записник за активности околу довршување на работите на патот Драчево-Китка 1-ва делница:Драчево-Пеленица. **Доказ:** Ф-ра бр.05-215 од 23.03.2006 год на износ од 250.160,00 ден., ф-ра бр. 266 0д 31.03 2006 год. на износ од 1456.556,00, ф-ра бр. 05-423 од 28.04. 2006 год. на износ од 276.120,00 ден. V -та времена ситуација на износ од 21.344.741.714,00 ден.

Износот од 11.436 илјади ден.е **реално** утврден и се однесува на проекти кои се завршени и на кој им е извршен технички прием но не се ставени во употреба туку се водат на сметка инвестиции. Поединечните проекти и износи се следниве:

Износот од 1.112.304,00 ден. на име Уредување на градежно земјиште врз основа на Записник за технички прием на мрежа бр.53/06 од 06.11.2006 год. е даден во употреба со налог за книжење бр. 0059 од 31.012. 2012 год.

Износот од 8.073.550 ден. за секундарен вреловод за локалитет Расадник-премин преку улица 5(со предизолирани цевки) по Записник за технички прием на мрежа бр.38/08 од 22.10.2008 год. даден е во употреба со налог за книжење бр. 0059 од 31.12.2011 год.

Износот од 2.133.525,00 ден. за приклучок-фекална канализација - Китка по Записник за технички прием бр.12-8496 од 27.11.2007 год. даден е во употреба со налог за книжење бр. 0059 од 31.12.2011 год.

Износот од 116.320,00 ден. за извршен стручен надзор за проектот секундарен вреловод за локалитет Расадник-премин преку улица 5 (со предизолирани цевки) даден во употреба со налог за книжење бр. 0059 од 31.12.2011 год.

Општина Кисела Вода го искнижи износот од 11.436 илјади денари од сметката инвестиции во тек на соодветна сметка со налог за книжење бр. 0059 од 31.12.2011 год.

**Доказ:** Налог за книжење бр. 0059 од 31.12.2011 год.

Бидејќи е утврдена реалната состојба и е извршено разграничување на износот на сметката - Инвестиции во тек (36.119 илјади денари) на Инвестиции во тек (24.683 илјади ден.) и Завршени објекти со технички прием (11.436 илјади ден.), сметаме дека овој наод треба да биде **избришан** од ревизорскиот извештај.

Во однос на наодот од **Т.4.4.1.** укажуваме на неколку моменти. Секторот за јавни набавки прибирањето на понудите го вршел врз основа на усно/телефонско известување на економските оператори. Овој начин на известување не е во спротивност со одредбите на Законот за јавните набавки иако не е вообичаен. Известувањето за извршениот избор исто така е вршен по пат на усно/телефонско известување. Секторот за јавни набавки има документи за потврдување на способнаста на економските оператори за предметот на јавната набавка. Како **доказ** приложуваме фотокопии од образецот ДРД - Документ за регистрирана дејност Прилог бр.1. Врз основа на приложените документи сметаме дека **алинеата 3** од Нацрт извештајот треба да биде **избришана.**

Во однос на вредноста на склучените договори кај дел од спроведените постапки, направен е технички пропуст и како вредност е наведена вредноста од Решението за обезбедени средства, наместо вредноста од прифатената понуда. Сите овие пропусти имаат минимален ефект во однос на склучените договори за овој вид јавна набавка во текот на 2010 год. Ефектот е само 115 илјади денари со што и материјалноста на овој наод е мала односно претставува 1% од вредноста на извршените набавки во износ од 11.356 илјади денари.

Може да се заклучи дека и покрај наведените технички пропусти, овој начин на работење на Секторот за јавни набавки функцинирал добро, без значајни ефекти во однос

на износот на реализираните набавки. Токму од овие причини, (малата материјалност) сметаме дека овој наод треба да се **помести во менаџерското писмо.**

Иствремено, Ве известуваме дека уште во текот на работата на ревизорскиот тим, Секторот за јавни набавки ги прифати сите препораки и отпочна со нивна доследна примена при спроведувањето на постапките за јавни набавки од мала вредност.

Во однос на наодот од **Т.4.4.2.** укажуваме на следниве работи:

Алинеата еден треба да се корегира во смисла дека е направен технички пропуст при објавувањето на огласот, односно дека се работи за склучување рамковна спогодба со повеќе економски оператори и дека не е наведен минималниот број кандидати што треба да бидат избрани. Секторот за јавни набавки не забележувајќи го техничкиот пропуст јавната набавка ја спровел со склучување договори.

Алинеата четири треба да се **избрише** од извештајот бидејќи е постапено согласно одредбите од законот. Имено, во првата фаза бодирани се критериумите за утврдување на способноста како: препораки, механичка опременост, стручен кадар и период на гаранција. Во втората фаза бодирани се цената, рок на изведба и рок на плаќање.

Алинеата пет треба да се **помести во менаџерското писмо** бидејќи договорот со второрангираниот понудувач е склучен на 17. 06.2011 год., а работата ја извршил до 06.10.2011 год. односно во краток временски рок по важноста на договорот со прворангираниот понудувач - 24.06.2011 год. **Доказ:** Фотокопија од Записник бр.05-600/2 од 10.10.2011 год.

Алинеата шест треба да се **избрише** од извештајот, бидејќи комисијата за јабвни набавки правилно го бодирала економскиот оператор кој како рок на изведба навел, по динамика на договорниот орган, што сепак е рок на изградба, заради што од страна на договорниот орган му се доделени 2,68 поени од можни 5 поени. **Доказ:** Прилог бр. 2.

Алинеата девет треба да биде **избришана** од ревозорскиот извештај од причина што евалуацијата на понудата е реална. **Доказ:** Комплентна понуда во прилогот бр.5.

Алинеата 10 треба да се **избрише** од ревизорскиот извештај бидејќи комисијата правилно му доделила 5 поени на првоизбраниот економски оператор заради понудениот најдолг рок на плаќање. **Доказ**: Оригинал од Извештај од спроведена постапка бр.13-9017/1 0д 17.12.2010 год. и фотокопија од евалуацијата содржани во прилогот бр. 3.

Алинеата 11 треба да биде **избришана** од извештајот заради неточно утврдена фактичка состојба. Имено, не е извршено корегирање/намалување на Понудата без доказ (печат, потпис) туку воопшто не е вршена корекција. **Доказ:** Фотокопија од поканата за поднесување понуда и фотокопија од Договор за стручен надзор за изработка на заштитен поптпорен ѕид на ул.С.Ковачевиќ во населба Пропор во Прилог бр. 4.

Иако во алинеата 12 точно е наведено дека се склучени договори со два економски оператори, ревизорот треба да обелодени дека **договорот е реализиран само со едниот економски оператор - прворангираниот.**

Во врска со наодот од **Т.4.4.3.** укажуваме на следното:

Во објавениот тендер кај спроведената постапка бр.17/2009 (Сл.весник на РМ бр.105 од 21.08.2009 год.) за изградба на канализација во населба Драчево, критериумите се јасно и транспарентно наведени и се следниве:

| | |
|---|---|
| -Цена со ДДВ | 60 поени |
| -Начин нап лаќање | 10 поени |
| -Рок на изработка | 10 поени |
| -Референтна листа на ссдветно изведени работи | 10 поени |
| -Стручен кадар | 5 поени |
| -Механичка опременост | 5 поени |

**Доказ:** фотокопија на објава во прилог бр. 6.

Врз основа на доставените докази сметаме дека алинеата еден од овој наод ќе биде **избришана** како и првата препорака.

Алинеата два од овој наод треба да се **помести во менаџерското писмо** затоа што анексот е склучен во законски рамки, што впрочем истото го констатирал и ревизорот, а зради итност направен е пропуст и не е дадено образложение за оправданоста на потребата за зголемување на вредноста на основниот договор.

Не може да се согледа целисходноста на наодот од **Т.4.4.4.** и дадената препорака од причина што се безпредметни и треба да се избришат од ревизорскиот извештај.

Имено, заради поднесените жалби Општина Кисела Вода го укинала решението за избор на најповолен економски оператор и извршила повторна евалуација. На решението за повторниот избор немало жалби. Прворангираниот понудувач со допис се откажал од добиениот тендер. Значи, самиот ревизор ја опишал постапката и утврдил дека истата е законски спроведена.

Исто така, ревизијата погрешно утврдила дека се склучени договори со два економски оператори. Склучен е договор само со еден економски оператор. **Доказ:** договор, прилог бр. 7.

Откажувањето од добиениот тендер ( со писмен допис ) од стра на прворангираниот понудувач е оквалификувано како незаконска примена на одредбите од законот или како што без докази тврди ревизорот, дека општината му овозможила на второрангираниот

понудувач да склучи договор. Дали ова значи дека општината го присилила прворангираниот?

Уште еднаш и укажуваме на ревизијата дека ова постапка е во целост усогласена и спроведена согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

Наодот од **Т.4.4.5.** се однесува на спроведена отворена постапка бр.09/2009, за изградба, реконстукција и санација на водоводна, примарна и секундарна мрежа и изградба и реконструкција на фекална и атмосферска канализација на територијата на Општина Кисела Вода и укажува на не примена на законските прописи во однос на транспарентноста на критериумите.

Секторот за јавни набавки, постапувајќи согласно законските одредби, критериумите за евалуацијата на економски најповолна понуда ги објавил во Сл.весник бр.73 од 12.06.2009 год. **Доказ:** фотокопија од оглас, прилог бр. 8.

Од погоре наведеното јасно е дека овој наод треба да се **брише** од ревизорскиот извештај заедно со препораката.

Со почит,

Општина Кисела Вода

Градоначалник,

Марјан Ѓорчев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК КИСЕЛА ВОДА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на забелешки по констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година кај Општина Кисела Вода

На 29.02.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Кисела Вода за 2010 година на – Сметка на основен буџет (637) од градоначалникот на општината, под број 08-1413/1 од 28.02.2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 30-293/6 .

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точка 4.2.2.** која се однесува на исплатата на надомест за регрес за годишен одмор, **не се прифаќа** од следните причини. Законот за државните службеници, ги уредува статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници. Исто така, Законот во посебен дел го уредува и системот на плати и надоместоци, во кој дел не е утврдено правото на регрес за годишен одмор за државните службеници. Во Одлуката за извршување на буџетот, Општината треба да ја пропише висината на надоместоците предвидени со член 52 став 2 од Законот за државни службеници. Во Законот за работни односи во кој се уредени работните односи меѓу работниците и работодавачите, правото на регрес не е утврдено. Со Законот за исплата на платите во Република Македонија, утврдена е висината на регресот за годишен одмор а правото се утврдува со Колективните договори. Во Законот за Државни службеници, во членот 96 е уредено дека: со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува примената на одредбите на колективните договори по прашањата кои се уредени со овој закон. Со оглед дека во Законот за државните службеници и Законот за работни односи не постојат одредби во кои е утврдено правото на регрес за годишен одмор ниту на ревизијата и се доставени дополнителни релевантни докази констатациите од Нацрт извештајот остануваат и во Конечниот извештај.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________

________________________

2. Забелешката на констатацијата од **точка 4.2.3. делумно се прифаќа** во делот на износот кој наместо 879 илјади денари треба да изнесува 604 илјади денари а останатиот дел од наодот останува. Согласно Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, во рамките на буџетот на Општината се планираат средства како постојана и тековна буџетска резерва. Средствата од постојаната буџетска резерва можат да се користат за отстранување на последиците од елементарни непогоди, епидемии и еколошки катастрофи. Средствата од тековната резерва се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни. Од средствата од постојаната и тековната резерва на Општина Кисела Вода во текот на 2010 година, исплатени се средства во износ од 604 илјади денари на физички лица и друштва и здруженија, за спонзорства, учество на конгреси, спортски натпревари, студии, печатење книги и финансиска помош, односно за намени кои можеле да бидат планирани со буџетот на Општината. Овие исплати не се во согласност со членот 11 од Законот за буџетите и придонесуваат за незаконско користење на средствата од резервите.

3. Забелешката на констатацијата од **точка 4.2.4.** која се однесува на исплати на физички лица, друштва и здруженија без да се почитува законската регулатива**, не се прифаќа**. Советот на Општина Кисела Вода има донесено Правилник за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош но во истиот не се утврдени мерливи критериуми за доделување на средства на физички лица, друштва и здруженија како и висината на средствата.
Средствата се исплаќани врз основа на поднесени поединечни барања без почитување на процедурата утврдена со законската регулатива, без објавување на оглас за доделување на средствата. Организациите, односно друштвата и здруженијата не доставиле деловен и финансиски извештај за реализација до надлежните во општината, а на веб страната на општината не се објавени организациите кои ги добиле средствата, како и намената и целта за кои се доделени средствата, што не е во согласност со член 49 од Законот за здруженија и фондации.

4. Забелешката на констатираната состојба од **точка 4.2.5.** која се однесува на ангажирање на работници преку Агенцијата за привремени вработувања, **не се прифаќа**. Ангажирањето на работници преку Агенцијата за привремени вработувања во Општина Кисела Вода не е во согласност со одредбите од член 4 од Законот за агенции за привремени вработувања, со кој е утврдено дека агенцијата

може да отстапи работник на друг работодавач за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проект, специфични неконтинуирани работи кој не се дел од претежната дејност и непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот. Општина Кисела Вода на овој начин ангажирала лица за извршување работи на работни места предвидени со Правилникот за систематизација како и лица на работно место референт за урбани и месни заедници (иако од март 2005 година месните заедници функционираат со други надлежности и статус), континуирано и за подолг период од една година. Со забелешките не се доставени дополнителни релевантни докази кои би имале влијание на промена на констатираната состојба.

5. Забелешката на констатацијата од **точка 4.2.6.** која се однесува на непочитување на законската регулатива при ангажирање на лица за вршење на јавни работи претставува **известување за постапување** по дадената препорака. Одговорното лице во Општина Кисела Вода информира дека согласно дадената препорака за ангажирање на лица со договор на дело за јавни работи (одржување на јавни паркови, зелени површини и хигиена во Општина Кисела Вода) кое треба да се врши согласно одредбите од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност е изготвен Проект за работно ангажирање на невработени лица преку организирање јавни работи на територијата на Општина Кисела Вода за 2012 година. Преземените активности од страна на надлежните органи ќе бидат соодветно обелоденети во Конечниот извештај, а дадената препорака ќе биде избришана.

6. Забелешката на констатацијата од **точка 4.3.1.** што се однесува на утврдените слабости во пописот за 2010 година во делот на пописот на обврските, материјалите и ситниот инвентар, **претставува известување** дека надлежните во општината при вршење на пописот за 2011 година постапиле согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Во прилог на забелешките субјектот доставил Извештај за извршениот попис за 2011 година, од кој може да се види дека утврдените неправилности се надминати во делот на пописот на ситниот инвентар и материјалите.

Кај пописот на обврските не е презентиран доказ дека е утврден правниот основ за постоење на обврските, старосната структура, причините за неплатените обврски спрема добавувачите. Преземените активности од страна на надлежните органи во делот на пописот ќе бидат соодветно обелоденети во Конечниот извештај.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________

*2.* ________________________

________________________

7. Забелешката на констатацијата од **точка 4.3.2.** што се однесува на евидентираното земјиште и згради кои не и припаѓаат на Општина Кисела Вода **претставува известување** за преземени мерки. Надлежните во општината пристапиле кон расчистување на состојбите, а одделението за финансиски прашања презело мерки за соодветно евидентирање во сметководствената евиденција со цел реални финансиски извештаи, со што е извршен отпис на износите искажани по основ на земјиште и станови и делови од станбени згради. Во прилог на Забелешките е доставена Одлука донесена од Советот на Општина Кисела Вода за отпис на земјиште и станбен простор на вкупен износ од 34.439 илјади денари. За извршениот отпис доставен е налог број 0002 од 31.12.2011 година.
Во врска со алинеја три од оваа точка за евидентирањето на вредноста на градежните објекти на основните училишта и градинките кои се наоѓаат на територијата на Општина Кисела Вода во сметководството на општината и истовремено и во сметководствената евиденција кај секое од училиштата и градинките, поради што постои двојно евидентирање на исти објекти, од страна на одговорното лице на општината е добиено известување дека со налози за книжење од 2012 година е извршено сторнирање на двојно евидентираните состојби во сметководството на училиштата и градинките. Преземените активности од страна на надлежните органи во делот на донесување на актите и имплементација на истите соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај , а препораката ќе биде избришана.

8. Забелешката на констатацијата од **точка 4.3.3.** која се однесува на нереалноста на позицијата инвестиции во тек нема карактер на забелешка туку **претставува известување** дека надлежните во општината пристапиле кон расчистување на состојбите и утврдување на реалната состојба за степенот на завршеност на овие објекти, по што на основа документацијата од истите утврдиле износ на инвестиции во тек од 24.683 илјади денари и 11.436 илјади денари завршени објекти за кои бил извршен технички прием и се дадени во употреба. Во прилог на забелешките доставени се записници за прием и завршни ситуации за завршените објекти и доставен е налог за книжење со кој се врши прекнижување на износот од 11.436 илјади денари од позицијата инвестиции во тек на позицијата постојани средства. Преземените активности од страна на надлежните органи соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај и препораката ќе биде избришана.

9. Дадени се забелешки на констатациите од **точката 4.4.1. алинеја 3 и 4.** Забелешките на констатациите од **алинеја 3** кои се однесуваат дека кај дел од набавките на ревизијата не и беа презентирани ДРД обрасци **се прифаќа,** бидејќи дополнително во фазата на забелешки се доставени докази односно обрасци ДРД - Документ за регистрирана дејност, со кои економските оператори ја докажуваат својата способност за реализација на набавката.

Забелешката на констатацијата од **алинеја 4 не се прифаќа,** бидејќи не се понудени нови докази кои влијаат на промена на констатираната состојба.

10 . Забелешките на констатациите од **точката 4.4.2. алинеја 1, 4, 5, 6, 9, 10, 11 и 12 не се прифаќаат,** бидејќи субјектот во фазата на забелешки не доставил нови релевантни докази кои би влијаеле на промена на констатираната состојба.

Поради напред наведеното констатациите по точка 4.4.2. остануваат и во Конечниот извештај.

11. Забелешките на констатациите од **точката 4.4.3. алинеја 1 и 2 не се прифаќаат,** бидејќи не се доставени нови докази и факти кои одат во прилог на промена на наодот и од кои ќе се утврди дека наведените критериуми за бодирање на понудите се јасно и транспарентно објавени односно на кој начин ќе се бодираат секој од поединечните критериуми што е спротивно на член 161 став 4, а за **алинеја 2** приговорот претставува потврда на констатираната состојба од страна на ревизијата.

12. Забелешките на констатациите од **точката 4.4.4.** кои се однесуваат на постапка за јавна набавка за изработка на патеки, тротоари, скверови и паркинзи (од павер елементи, бехатон и асфалт) на територијата на Општина Кисела Вода **делумно се прифаќаат,** во функција на допрецизирање и дообјаснување на наодот. Забелешките претставуваат делумно објаснување на применетата постапка за избор на најповолен економски оператор со образложение дека е постапено согласно Законот за јавни набавки иако од обезбедените докази, ревизијата не се увери дека извршената евалуација на критериумите за избор на најповолен економски оператор и во фазата пред приговор и во фазата по приговорот е во согласност со законските одредби. Ова од причина поради што договорниот орган во тендерската документација не дал објаснување како ќе ги вреднува и применува елементите на критериумот економски најповолна понуда.

13. Забелешката на констатацијата од **точката 4.4.5.** која се однесува на спроведена отворена постапка бр.09/2009 за изградба, реконструкција и санација на водоводна, примарна и секундарна мрежа и изградба и реконструкција на фекална и атмосферска канализација на територијата на Општина Кисела Вода **, не се прифаќа,** бидејќи не се доставени нови релевантни докази кои би имале влијание на промена на констатираната состојба. Од доказите обезбедени при ревизијата произлегува дека за предметната набавка договорниот орган во тендерската документација не дал објаснување како ќе ги вреднува и применува елементите на критериумот економски најповолна понуда.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* __________________________

__________________________

**Прилог 3**

**Резултати**

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај за 2006 година на овластениот државен ревизор Бр. 2007 11/2 04 од 04.02.2008 година за Општина Кисела Вода**

| Бр./врска на наодот/ препоракат а во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **11.1.** | **Систем на интерни контроли во процесите** | | | |
| 11.1.1. | При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на готовинско и безготовинско плаќање, ревизијата констатира дека и покрај јасно дефинираната организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените согласно актот за систематизација и функционирањето на воспоставените контроли во овој процес, постои ризик поради непостоењето на пишани процедури во делот на движењето на документацијата, уредно ликвидирање и евидентирање на истата и материјална евиденција за материјалите кои ги набавува и ги користи општина Кисела Вода. | Надлежните служби да изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање, контролата и движењето на сметководствените документи, материјална евиденција за набавката и издавањето на материјалите и документирани докази за употреба на истите. | Спроведена | Во текот на 2011 година изготвени се и донесени пишани процедури за процесот на плаќање |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.2.** | **Неправилна примена на актите** | | | |
| 11.2.2. | 11.2.2. Општина Кисела Вода и општина Аеродром, која произлегла од неа согласно Законот за територијална организација на општините, во законски предвидените рокови немаат изготвено делбен биланс за поделбата на имотот средствата, побарувањата и обврските, што е спротивно на член 60 од Законот за Градот Скопје. На ревизијата и беше даден на увид предлог делбен биланс изготвен од страна на општина Кисела Вода, но истиот од страна на надлежните на општина Аеродром сеуште не е прифатен и верификуван. Споменатите општини подолго време водат судски спор во однос на точно утврдување на побарувањата, обврските, материјалните средства што треба да припаднат на општина Аеродром.<br>Поради тоа дел од билансните позиции на општина Кисела Вода на кои се искажани овие состојби нереално ја прикажуваат состојбата на 31.12.2006 година. | Надлежните органи на општина Кисела Вода и општина Аеродром во соработка со централната власт да превземат активности за надминување на оваа состојба. | Делумно спроведена | На 12.06.2009 година помеѓу двете општини е потпишан Протокол за делбен биланс по кој еден дел е спроведен, а за дел спороведувањето се одвива тековно, бидејќи за пооделни побарувања се водат судски спорови |
| **11.4.** | **Неправилности во искажувањето на приходите/расходите** | | | |
| 11.4.1. | 11.4.1. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е искажана во поголем износ од 3.058 илјади денари, поради исплата на поголеми износи на надоместоци и тоа:<br>- за советниците и претседателот на советот за учество на седниците на Советот одржани во 2006 година, во вкупен износ од 252 илјади денари, во износи поголеми од законски дозволените 30% од просекот на плати исплатен во претходните три месеци по одржана седница, што е спротивно на Законот за локална самоуправа и | Исплатата на надоместоците да биде во согласност со одредбите од Законот за локална самоуправа и Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани | Спроведена | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - надоместоци на советниците и претседателот на Советот, за дневни и патни трошоци за одржани седници на комисии, и за присуство на советници при склучување на бракови во износ од 2.806 илјади денари, спротивно на член 100 од Законот за локална самоуправа;<br>На исплатените надоместоци е пресметан и платен персонален данок во вкупен износ од 540 илјади денари.<br>Ефектот од наведените извршени исплати е незаконско трошење на средствата на општината и нереално зголемени расходи. | лица, а за незаконски исплатените парични средства надлежните органи на општина Кисела Вода да превземат мерки за враќање на истите. | | |
| **10.4.** | **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба** | | | |
| 11.5.1. | 11.5.1. На сметката залиха на суровини и материјали не е искажана состојбата на залихата на индустриска сол за зимско одржување на патишта и трошењето на истата. Набавка на индустриска сол за зимско одржување на патишта е извршена во месец ноември и декември 2005 година, вкупно 258,13 тони за износ од 950 илјади денари. Не се води материјална евиденција за набавката и трошењето што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. За периодот од 01.06 до 31.08.2006 година за складирање на 150 тони индустриска сол е склучен договор на износ од 104 илјади денари. Ефект на ваквата состојба е немање увид на залихата на истата и придонесува за нереални финансиски извештаи. | Надлежните во општината да ја утврдат количината на индустриска сол за зимско одржување на патишта и истата да ја евидентираат на соодветните сметки во сметководството. | Спроведена | |
| 11.5.2. | 11.5.2. Општина Кисела Вода има извршено набавка на 2.500 парчиња пластични канти за отпадоци во вкупен износ од 3.325 илјади денари. Кантите се наменети за продажба на граѓаните, жители на општината од кој во 2006 година остварени се приходи од 2.160 илјади денари. Продажбата е вршена по | Да се утврди состојбата и да се изврши евидентирање на залихата на непродадените пластични | Спроведена | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | набавни цени. Залиха во износ од 1.165 илјади денари не е евидентирана во сметководството на општината што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Тоа има за ефект нереално искажана состојба во сметководството и Билансот на состојба. | канти во сметководството на општината. | | |

**Прилог 3**

**Резултати**

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај за 2006 година на овластениот државен ревизор Бр. 2007 11/2 04 од 04.02.2008 година за Општина Кисела Вода**

| Бр./врска на наодот/ препоракат а во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **11.1.** | **Систем на интерни контроли во процесите** | | | |
| 11.1.1. | При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на готовинско и безготовинско плаќање, ревизијата констатира дека и покрај јасно дефинираната организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените согласно актот за систематизација и функционирањето на воспоставените контроли во овој процес, постои ризик поради непостоењето на пишани процедури во делот на движењето на документацијата, уредно ликвидирање и евидентирање на истата и материјална евиденција за материјалите кои ги набавува и ги користи општина Кисела Вода. | Надлежните служби да изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање, контролата и движењето на сметководствените документи, материјална евиденција за набавката и издавањето на материјалите и документирани докази за употреба на истите. | Спроведена | Во текот на 2011 година изготвени се и донесени пишани процедури за процесот на плаќање |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.2.** | **Неправилна примена на актите** | | | |
| 11.2.2. | 11.2.2. Општина Кисела Вода и општина Аеродром, која произлегла од неа согласно Законот за територијална организација на општините, во законски предвидените рокови немаат изготвено делбен биланс за поделбата на имотот средствата, побарувањата и обврските, што е спротивно на член 60 од Законот за Градот Скопје. На ревизијата и беше даден на увид предлог делбен биланс изготвен од страна на општина Кисела Вода, но истиот од страна на надлежните на општина Аеродром сеуште не е прифатен и верификуван. Споменатите општини подолго време водат судски спор во однос на точно утврдување на побарувањата, обврските, материјалните средства што треба да припаднат на општина Аеродром.<br>Поради тоа дел од билансните позиции на општина Кисела Вода на кои се искажани овие состојби нереално ја прикажуваат состојбата на 31.12.2006 година. | Надлежните органи на општина Кисела Вода и општина Аеродром во соработка со централната власт да превземат активности за надминување на оваа состојба. | Делумно спроведена | На 12.06.2009 година помеѓу двете општини е потпишан Протокол за делбен биланс по кој еден дел е спроведен, а за дел споророведувањето се одвива тековно, бидејќи за пооделни побарувања се водат судски спорови |
| **11.4.** | **Неправилности во искажувањето на приходите/расходите** | | | |
| 11.4.1. | 11.4.1. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е искажана во поголем износ од 3.058 илјади денари, поради исплата на поголеми износи на надоместоци и тоа:<br>- за советниците и претседателот на советот за учество на седниците на Советот одржани во 2006 година, во вкупен износ од 252 илјади денари, во износи поголеми од законски дозволените 30% од просекот на плати исплатен во претходните три месеци по одржана седница, што е спротивно на Законот за локална самоуправа и | Исплатата на надоместоците да биде во согласност со одредбите од Законот за локална самоуправа и Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани | Спроведена | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - надоместоци на советниците и претседателот на Советот, за дневни и патни трошоци за одржани седници на комисии, и за присуство на советници при склучување на бракови во износ од 2.806 илјади денари, спротивно на член 100 од Законот за локална самоуправа;<br>На исплатените надоместоци е пресметан и платен персонален данок во вкупен износ од 540 илјади денари.<br>Ефектот од наведените извршени исплати е незаконско трошење на средствата на општината и нереално зголемени расходи. | лица, а за незаконски исплатените парични средства надлежните органи на општина Кисела Вода да превземат мерки за враќање на истите. | | |
| **10.4.** | **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба** | | | |
| 11.5.1. | 11.5.1. На сметката залиха на суровини и материјали не е искажана состојбата на залихата на индустриска сол за зимско одржување на патишта и трошењето на истата. Набавка на индустриска сол за зимско одржување на патишта е извршена во месец ноември и декември 2005 година, вкупно 258,13 тони за износ од 950 илјади денари. Не се води материјална евиденција за набавката и трошењето што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. За периодот од 01.06 до 31.08.2006 година за складирање на 150 тони индустриска сол е склучен договор на износ од 104 илјади денари. Ефект на ваквата состојба е немање увид на залихата на истата и придонесува за нереални финансиски извештаи. | Надлежните во општината да ја утврдат количината на индустриска сол за зимско одржување на патишта и истата да ја евидентираат на соодветните сметки во сметководството. | Спроведена | |
| 11.5.2. | 11.5.2. Општина Кисела Вода има извршено набавка на 2.500 парчиња пластични канти за отпадоци во вкупен износ од 3.325 илјади денари. Кантите се наменети за продажба на граѓаните, жители на општината од кој во 2006 година остварени се приходи од 2.160 илјади денари. Продажбата е вршена по | Да се утврди состојбата и да се изврши евидентирање на залихата на непродадените пластични | Спроведена | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | набавни цени. Залиха во износ од 1.165 илјади денари не е евидентирана во сметководството на општината што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Тоа има за ефект нереално искажана состојба во сметководството и Билансот на состојба. | канти во сметководството на општината. | | |